HELSINKI COMMITTEE FOR HUMAN RIGHTS

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

KOMITETI I HELSINKIT PËR TË DREJTAT E NJERIUT I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË | MAKEDONYA CUMHURİYETİ'NİN HELSINKI İNSAN HAKLARI KOMİTESİ | COMITET DI HELSINKI TI- NDREPTULI-A OMLUIDIREPUBLICA MACHEDONIA | HELSINŠKO COMITETI BAŠO E MANUŠENGERE NEJAMIJA KI REPUBLKA MAKEDONIJA | ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЉУДСКА ПРАВА РЕПУБЛИКЕ МАКЕДОНИЈЕ

Ул. Даме Груев 8/5, 1000 Скопје; п-фах 58 Р. Македонија тел/факс: + 389 2 3290 469; 3119 073
St. Dame Gruev 8/5, 1000 Skopje; PO Box 58 Republic of. Macedonia tel/fax: + 389 2 3290 469; 3119 073
e-mail: helkom@mhc.org.mk web page: http://www.mhc.org.mk

# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## ЈУНИ 2014

## СОДРЖИНА

ЈАВНИ НАСТАНИ И ПОВРЕДИ НА ДЕМОКРАТСКИТЕ ПРИНЦИПИ
- Ограничување на слободата на информирање од страна на Уставниот суд

ЗАТВОРЕНИ ИНСТИТУЦИИ
- Тортура над глувонемо дете во ЈУ Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско

ДИСКРИМИНАЦИЈА
- Дискриминација на Роми кои патуваат надвор од државата
- Инстутот за семејни студии со дискриминаторска студиска програма

СУДСКИ СЛУЧАИ
- Напуштање на судските постапки од страна на членови на судскиот совет

ЈУЛИ 2014

# ЈАВНИ НАСТАНИ И ПОВРЕДИ НА ДЕМОКРАТСКИТЕ ПРИНЦИПИ

## ОГРАНИЧУВАЊЕ НА СЛОБОДАТА НА ИНФОРМИРАЊЕ ОД СТРАНА НА УСТАВНИОТ СУД

Хелсиншкиот комитет преку соопштение до јавноста се огласи по повод едностраната одлука на претседателката на Уставниот суд за прекин на праксата на аудио и визуелно снимање на медиумските работници на седниците на Уставниот суд. Имено, станува збор за одлука која што беше донесена на седница бр. 17, одржана на 11.06.2014 година и за која Комитетот смета дека претседателката на Уставниот суд ги ограничи слободата на информирање на граѓаните за работата на судот. Комитетот смета дека постои тенденција за исклучување на јавноста преку ваквите ограничувања особено по одлуката на Уставниот суд да го одбие барањето за заштита на слободите и правата од член 110 алинеја 3 од Уставот што се однесуваат на слободата на јавното изразување и информирање за настаните од 24 декември 2014.

Во спорната одлука меѓудругото, беше наведено дека „ само присуството на новинарите во салата и директното пренесување не ја прави една седница јавна, бидејќи постојат повеќе начини на кои Собранието овозможува јавност во неговото работење и кои што биле применети во конкретниот случај." Оваа одлука беше донесена без јавна расправа и без да бидат повикани засегнатите страни и народниот правобранител, иако, по правило, за барања за заштита на слободите и правата, Уставниот суд треба да закаже јавна расправа (член 55 од Деловникот на Уставниот суд).

Хелсиншкиот комитет оваа одлука за преседан водена од долгогодишната работа на Уставниот суд каде што до сега не се случило јавноста да биде исклучена од јавните расправи на судот. За таа цел Комитетот очекува претседателката на Уставниот суд да даде образложение на кој начин е донесена одлуката за ограничување на јавноста на седниците на Уставниот суд, односно дали е донесена единствено од страна на претседателката или пак со мнозинство гласови на судиите на Уставниот суд, прецизно да ги образложи причините за нејзиното донесување, во кои случаи ќе се применува (дали и во оние случаи на јавни расправи). Согласно Деловникот, претседателот раководи со конкретна седница, но во ниту еден член не е наведено дека единствено претседателот носи одлуки со кои може да се утврди понатамошната работа и одржување на седниците на судот.

Воедно потсетуваме дека Уставниот суд не смее ја поддржи тенденцијата на нетранспарентност на институциите и да дозволи поинакво дефинирање на она што претставува вистинско јавно информирање (кое секако го вклучува и аудио и визуелното снимање). Ваквата одлука со која беше променета долгогодишната пракса новинарите да ги следат и аудио и визуелно да ги снимаат седниците на Уставниот суд, претставува негативен пример за останатите институции, особено за правосудните органи.

Оттука, бараме Уставниот суд да им одговори на граѓаните, новинарите и медиумските работници како е донесена спорната одлука, дали постапката која претходела на нејзиното донесување е согласно Деловникот и кои се причините за нејзиното донесување. Доколку претседателката по своја проценка одлучила да ја прекине праксата на аудио визуелно снимање без запазување на соодветна постапка и без цврсто оправдани причини, сметаме дека треба да поднесе отставка од функцијата претседателка на Уставниот суд, поради очигледната неуспешност целосно да го заштити правото на јавно информирање и интегритетот на институцијата Уставен суд.

Уставниот суд треба да биде чувар на и така кревките демократски принципи на општеството, а не да носи одлуки со кои делумно се ограничува правото на информирање и не се штити јавниот интерес.

# ЗАТВОРЕНИ ИНСТИТУЦИИ

---

## ТОРТУРА НАД ГЛУВОНЕМО ДЕТЕ ВО ЈУ ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА БАЊА БАНСКО

---

Во текот на месец јуни јавноста ја бранувaше случајот за глувонемото дете - жртва на тортура од страна на ЈУ Завод за заштита и рехабилитација Бања Бањско. По добиените сознанија дека детето е преместено во ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци (Топанско поле) - Скопје, претставници на Хелсиншкиот комитет ја посетија здравствената установа и им се даде можност да остварат средба со малолетното дете. Во медицинската документација, доставена до ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци (Топанско поле) - Скопје, е утврдено дека се работи за дете со комбинирани пречки во развојот - психички и физички. Степенот на пречките во психичкиот развој е умерен, додека за пречките во телесниот развој се утврдени пречки во говорот и гласот и тешка форма на церебрална парализа.

Со оглед на фактот што претставниците на Комитетот имаа можност да го видат детето и да утврдат дека нормално се движи - оди и трча, неспорно се наметнува сомнежот за погрешно поставена дијагноза од страна на докторите кои го изготвиле наодот и мислењето за видот и степенот на попреченост во физичкиот или психичкиот развој на малолетното дете. Оттука, мора веднаш да биде извршена рекатегоризација со која точно ќе биде утврдена неговата здравствена состојба и ќе му се овозможи соодветна грижа и нега.

Моменталната состојба на детето е последица на потполната воспитна запуштеност и негрижа, што произлегува и од фактот дека воопшто не се направени обиди детето да го научи знаковниот јазик, поради што воопшто не комуницира со надворешниот свет. За ваквата состојба, одговорност треба да преземе Центарот за социјални работи - Битола, кое го водело случајот на малолетното дете. Во делот на тортурата, сметаме дека јавното обвинителство треба веднаш по службена должност да постапи и да го

истражи конкретниот настан на нечовечки и нехуман третман и да покрене обвинение против сторителите, но и одговорните лица во Заводот за заштита и рехабилитација Бања Бањско. Хелсиншкиот комитет подготви и испрати кривична пријава до Основното јавно обвинителство Струмица.

Министерството за труд и социјална политика мора да одговори на прашањето зошто дозволило детето да биде сместено во Заводот за рехабилитација на деца и младинци (Топанско поле) - Скопје, да ја извести јавноста дали е извршен надзор врз Центарот за социјални работи Битола, што е констатирано и дали ќе бидат преземени мерки за утврдување на одговорност на лицата што постапувале во конкретниот случај и кои дозволиле малолетното дете да биде доведено во состојба на целосна запуштеност. Дополнително, доколку се утврди дека детето нема тешка форма на церебрална парализа, треба да се покрене постапка за утврдување на одговорност на страната на докторите за несовесно вршење на работата и работните задачи.

# ДИСКРИМИНАЦИЈА

## ДИСКРИМИНАЦИЈА НА РОМИ КОИ ПАТУВААТ НАДВОР ОД ДРЖАВАТА

Хелсиншкиот комитет, како члена на Мрежата за заштита од дискриминација остро го осудува најновиот случај на постапување на граничните полициски службеници кога се работи за напуштање на границите на Република  Македонија од страна на припадниците на ромската етничка заедница. Во текот на месец јуни во јавноста беше објавен нов случај на ограничување на правото на слободно движење на припадничка на ромската етничка заедница, актерката Емра Куртишова. Во конкретниот случај на актерката, не и било дозволено да го напушти скопскиот аеродром и да отпатува во посета на својата сестра во Германија.

Овој случај не е изолиран, ниту единствен, туку е само потврда на веќе воспоставената дискриминациска пракса на Министерството за внатрешни работи да го ограничува правото на слободно движење и напуштање на државата за Ромите, а под изговор дека лицата се можни азиланти. Меѓутоа, со овој случај се докажува дека ниту статусот на вработено лице, ниту причината поради која се напушта државата, ниту поседувањето на потребните документи не се доволни за Ромите да го остварат своето право на слободно движење и напуштање на земјата.

Согласно изјавата на Министерката за внатрешни работи,на актерката не и бил дозволен излез од Република Македонија поради тоа што не ја имала потребната документација за патување во Германија, односно не ги исполнувала условите од шенгенскиот код. Во овој контекст би сакале да го потсетиме Министерството за внатрешни работи на член 27 од Уставот на Република Македонија, според кој се гарантира правото на слобода на движење вклучително и правото секој граѓанин на Република Македонија слободно да може да излезе и повторно да влезе во државата. Ова право може да се ограничи единствено заради заштита на безбедноста на

Републиката,  водењето кривична постапка или заштита на здравјето на луѓето, а безвизниот режим не е ниту еден од овие три исклучоци.

Не е доволно Министерството за внатрешни работи да тврди дека не ги дискриминира Ромите, туку треба да докаже дека кон сите граѓани има еднаков третман, односно дека вакви проверки врши кон сите граѓани, а не само кон припадниците на ромската етничка заедница. Исто така, Министерството за внатрешни работи треба да одговори и за праксата на обележување на пасошите на граѓаните од ромска националност на кои не им бил дозволен излез со две црти или пак со печат. Наместо државата да работи на подобрување на статусот на Ромите и еднакво практикување на правата гарантирани со Уставот и меѓународните документи ратификувани од страна на Република Македонија, државата одлучи да применува дискриминациска практика со која се ограничува правото на слободно движење поради нееднаков третман и која добива размери на расна дискриминација.

Хелсиншкиот комитет, во рамките на Мрежата за заштита од дискриминација, ги повикува граѓаните кои биле жртва на дискриминација од полициските службеници на граничните премини, на начин што неосновано им било ограничено правото на движење и напуштање на државата да ги пријават своите случаи. Сметаме дека единствено со иницирање на постапки за заштита од дискриминација пред надлежните институции - Комисија за заштита од дискриминација, Народен правобранител и надлежните судови, отвараме простор да  докажеме дека не се работи за изолирани случаи на ограничување на правото на движење, туку за дискриминаторска практика кон ромската етничка заедница, која се применува веќе подолг период.

## ИНСТУТОТ ЗА СЕМЕЈНИ СТУДИИ СО ДИСКРИМИНАТОРСКА СТУДИСКА ПРОГРАМА

Хелсиншкиот комитет како членка на  неформалната „Мрежа за заштита од дискриминација" заедно со останатите членки се произнесе со мислење за студиската програма на новиот Институт за семејни  студии како дискриминаторна и тоа по повеќе основи: брачен и здравствен статус, сексуална ориентација и род. Уште во самата студиска програма, во описот на целите и содржините на некои од наставните предмети видливи се хомофобични ставови, истакнување на улогата на жената (но не и на мажот) во семејството и приватната сфера, третман на „хомосексуализмот" и разводот на брак како социо-патолошки појави, нееднаков третман на хомосексуалноста и хетеросексуалноста, третирањето на зависноста од droги како девијација, а не како здравствен проблем итн. Литературата која е задолжителна во два од наставните предмети (Развој на децата и адолесцентите во семејството и Развој на возрасните и стареење во семејството) е предмет на претставка пред Комисијата за заштита од дискриминација поради хомофобичните содржини, хетеросексизмот и пропагирањето на религиозни догми.

Комитетот и Мрежата за заштита од дискриминација потсетуваат дека Институтот за семејни студии е отворен во време кога катедрата за Родови студии при Филозофскиот факултет е ставена во мирување и кога во јавниот дискурс се водат

кампањи против абортус, агресивни кампањи кои го негираат правото на избор на жените како и „традиционални вредности" преку кои се дискриминираат повеќе групи на граѓани од страна на извршната власт. Исто така потсетуваме на одлуките на Комисијата за заштита од дискриминација веќе ги има препознаено како дискриминација и вознемирување ваквите содржини во учебниците Педагогија, Медицинска Психологија и Психијатрија Том 1 и Том 2 и истите содржини се повлечени од употреба како и горенаведените наставни предмети кои исто така се оспорени пред ова тело за заштита од дискриминација.

За таа цел Комитетот потсетува дека најстариот универзитет во Република Македонија „ Св. Кирил и Методиј " не смее да оддава впечаток дека поддржува владини политики наспроти неговата примарна улога во општеството или да гради автономна, современа и критична научна мисла. Исто така според досегашната пракса на Комисијата за заштита од дискриминација и на Мрежата за заштита од дискриминација сметаме дека креирање на студиски програми и употреба на литература со дискриминаторска содржина е во спротивност со досегашните напори да се отстранат ваквите содржини и дискриминацијата од образованието. Согласно горенаведеното бараме до надлежните органи, особено Одборот за соработка и доверба со јавноста и Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, но и Комисијата за заштита од дискриминација, да реагираат во рамките на сопствените надлежности, да направат анализа на програмата и да препорачаат/наложат отстранување од содржини кои се дискриминациски кон жената, ЛГБТИ лицата и останатите маргинализирани заедници.

# СУДСКИ СЛУЧАИ

## НАПУШТАЊЕ НА СУДСКИТЕ ПОСТАПКИ ОД СТРАНА НА ЧЛЕНОВИ НА СУДСКИОТ СОВЕТ

Во предметите А.Д. и др. КОК.бр.80/12 и Т.К. и др. КОК.бр.51/13 на Основен суд Скопје 1 беше забележано напуштање на судницата од страна на судија член на судскиот совет во текот на постапката. Во предметот А.Д. и др. КОК.бр.80/12 претседателот на судскиот совет ги запраша бранителите на обвинетите дали има потреба од прекинување на постапката додека судијата, член на судскиот совет, отиде да се напие вода по што тие одговорија негативно и судската постапка продолжи без негово присуство. Во врска со ова, би сакале да потенцираме дека согласно Член 307 од стариот и Член 357 од новиот Закон за кривичната постапка претседателот, членовите на советот и записничарот како и судиите и судиите поротници мораат непрекинато да присуствуваат на главниот претрес. Одобрувањето од бранителите судија накратко да го напушти судењето не ги ослободува членовите на судските совети да постапуваат спротивно на законот.

Главниот заклучок од судските постапки следени од страна на Хелсиншкиот комитет во однос на судиите-поротници е дека тие не се перципирани како составен дел на судскиот совет кој одлучува во конкретниот предмет и покрај тоа што во советот се мнозинство со право на глас при одлучувањето. За ваквиот впечаток придонесува и

самото однесување на судиите-поротници, кои во дел од постапките се незаинтересирани и ја напуштат судницата без претресот, односно расправата да запре. Во предметот А.А. и др. РО 121/13 на Основен суд Гостивар, еден од судиите-поротници ја напушти судницата за време на главната расправа во период кога еден од тужителите даваше исказ. Во овој случај, одлука беше донесена половина час откако заврши главната расправа. Набљудувачкиот тим, во постапките кои ги набљудуваше, не забележа ниту едно поставено прашање од страна судија-поротник и покрај тоа што ова право им е дозволено со Законот за кривичната постапка.